**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Никола Богатинов**
**именуван за подрачјето на**
**Основен граѓански суд Скопје и**
**Основен кривичен суд Скопје**
**ул.Даме Груев бр.7/8-8**
**тел. 02/60-90-316; 074/223-381**
**izvrsitelbogatinov@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 166/2022**

Извршителот Никола Богатинов од Скопје, ул.Даме Груев бр.7/8-8 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Тихомир Јанков од Скопје со ЕМБГ 2405936450102 и живеалиште на ул. Гемиџиска бр. 77 преку полномошник Адвокатско друштво Тодоровски и Јовановски Скопје засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр. 253/14 од 25.04.2014 година на нотар Ивана Катавеновски и Солемнизација-Потврда на приватна исправа на договор за отстапување на побарување ОДУ бр.2155/2023 од 13.12.2023 година на Нотар Зафир Хаџи Зафиров од Скопје, против должникот Весна Стојаноска-Котевска од Скопје со ЕМБГ 1306967455127 и живеалиште на бул. Партизански Одреди бр. 155/2-45 на ден 17.06.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА повторена УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора повторена продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во имотен лист бр.8368 за КО Ѓорче Петров 4 – ВЛАЕ при Агенција за катастар на недвижности на РСМ – Центар за катастар на недвижности во Скопје со следните ознаки:

- ГЗ на КП 12967, на место викано Р.Батино, култура ГИЗ, со површина од 213 м2;
- ГЗ на КП 12967, на место викано Р.Батино, култура ЗПЗ 1, со површина од 111 м2;
- ПП на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, број 1, со површина од 4 м2;
- СТ на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, број 1, со површина од 72 м2;
- ПП на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат МА, број 1, со површина од 4 м2;
- СТ на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат МА, број 1, со површина од 44 м2;
- ГАРАЖА на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат ПО, број 1, со површина од 18 м2;
- Помошна просторија на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат ПО, број 1, со површина од 48 м2;
- СТ на на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, број 1, со површина од 67 м2;
- ПП на на КП 12967, дел 0, на место викано Р.Батино бр.12, број на зграда 0, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, број 1, со површина од 18 м2, која се наоѓа во сопственост на должникот Весна Стојаноска - Котевска од Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **17.07.2024 година во 12,00 часот** во просториите на **Извршител Никола Богатинов со седиште на ул. Даме Груев бр. 7/8-8, Скопје**.

Почетната вредност на недвижноста е утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.166/2022 од 10.08.2022 година на извршителот Никола Богатинов од Скопје, а согласно предлогот на доверителите Тихомир Јанков од Скопје и Драги Јанков од Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво Тодоровски и Јовановски од Скопје од 05.12.2022 година, за втора продажба износот да биде намален за 1/3 (една третина), кој изнесува **6.868.300,00 денари** под кој износ недвижноста не може да се продаде на второто повторено јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

- Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ, И.бр.166/2022 од 18.04.2022 година на Извршител Никола Богатинов од Скопје.
- Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ, И.бр. 167/2022 од 18.04.2022 година на Извршител Никола Богатинов од Скопје.
- Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ, И.бр.450/2023 од 06.04.2023 година на Извршител Никола Богатинов од Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно **износ од 686.830,00 денари**.

Гаранцијата да се уплати најдоцна до 15.07.2024 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката на извршителот со бр. **290100000214222** која се води кај **ТТК БАНКА АД Скопје** и даночен број **5080021510680.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање: Дневен весник „Нова Македонија" и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Никола Богатинов

Д.-на: доверител
должник
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
архива на извршител

Република Северна Македонија • Извршител Никола Богатинов • Скопје

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основен граѓански суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.